Машински факултет
Број 02-725/7
26.08.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област Термотехника и термотехнички апарати и постројки во Институтот за термичко инженерство на Машински факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на факултет, на 15-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 26 август 2021 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
за избор во соработничко звање асистент

М-р Александар Ѓерасимовски, дипл.маш.инж., се избира во соработничко звање асистент во научната област 20504 Термотехника и термотехнички апарати и постројки во Институтот за термичко инженерство на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за време од три години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 20 мај 2021 година, распиша Конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 20504 Термотехника и термотехнички апарати и постројки во Институтот за термичко инженерство.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Вечер и Коха.

На Конкурсот, се пријави м-р Александар Ѓерасимовски, асистент на Машински факултет.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 26 август 2021 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје број 1242 од 15 јули 2021 г., со мнозинство гласови од присутните 50 од вкупно 56 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која м-р Александар Ѓерасимовски го избра во соработничко звање асистент во научната област 20504 Термотехника и термотехнички апарати и постројки во Институтот за термичко инженерство.

Одлуката да се достави до: именуваниот, наставно-научен совет, општа служба - досие, сметководство и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски